# Излегла Јанка




Излегла Јанка вонка на двори,
Вонка на двори, вонка пред зори,
С крушово лисче, Јанка свиреше
И на гората Јанка думаше:
— „Еј, горо, горо, зелена горо,
Што ќе те питам, ти да ми кажеш
Дали виде, горо, од тука да минат,
Ајдуци, тие пусти четаци?
Дал' го носеа, горо, со нив,
Моето братче, братче Јованче?“
— „Еј, Јанке, Јанке, убава Јанке,
Сношти поминаа пусти ајдуци,
И твојето братче со нив беше,
Главата му на кол набиена беше!“

Пеела Митра Гелибешева од Гевгелија, 1947 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.